Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë,
Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 31-3804/1
27.03.2026 год. - viti
Скопје / Shkup



____ март 2026

Архивски бр.31-

Врз основа на член 56 од Законот за зоотехника („Службен весник на РСМ" бр.87/23), Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува

# ЈАВЕН КОНКУРС

## за давател на јавни услуги спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2025 до 2031 година за 2026 година

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Зачувување на генетската варијабилност и генетските резерви на добитокот е регулирано согласно Законот за зоотехника („Службен весник на РСМ" бр.87/23).

Нарачател на јавниот конкурс е Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Право на учество на јавниот конкурс имаат овластени субјекти за вршење на јавната услуга спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството, кои ги исполнуваат општите услови од член 53 став 1 од Законот за зоотехника и посебните услови утврдени со Правилникот за поблиските услови за вршење на одделна јавна услуга заштита на биолошката разновидност во сточарството, начинот на изведувањето и мониторингот на биолошката разновидност во сточарството и зачувувањето на генетската варијабилност и генетските резерви на добитокот („Службен весник на РМ" бр.151/10).

Јавниот конкурс за давател на јавните услуги спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2025 до 2031 година за 2026 година трае 10 (десет) дена од денот на неговото објавување.

## II. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ КОНКУРС

Предмет на јавниот конкурс е спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2025 до 2031 година за 2026 година, согласно видот на јавната услуга.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

## III. ВИД НА ЈАВНА УСЛУГА

Јавната услуга ги опфаќа следните активности:

**А. <u>Во делот на говедарството и коњарството:</u>**

**ПО I. Карактеризација, инвентаризација, следење на трендови, ризици и закани врз генетските ресурси кај домашните животни**

**П I.1. Карактеризација, инвентаризација, следење на трендови, ризици и закани водење на регистер на раси за зоотехничка оцена**

1. Карактеризација на расите:

- *Говедарство – фенотипска карактеризација на сите приплодни грла (машки и женски возрасни грла буши и биволи) во избраните локации.*
- *Коњарство - фенотипска карактеризација на сите приплодни грла (машки и женски возрасни грла од домашниот коњ и од домашното магаре) во избраните локации.*

2. Инвентаризација на расите од интерес:

- *Говедарство: посета на најмалку 5 индикативни локации или ново пријавени одгледувалишта од расата буша.*
  *Доколку има, посета и на нови локации со домашни биволи.*
  *Коњарство: Посета на најмалку 5 индикативни локации на кои се одгледуваат коњи и магариња.*
- *Бројна состојба: идентификација и регистрација на новите грла од расата буша говеда, домашни биволи, домашниот коњ и домашното магаре согласно нивната фенотипска карактеризација.*
- *Број и локации на фармите: утврдување на вкупен број фарми и локации каде е реализирана активноста за утврдување на бројната состојба на домашна раса буша говеда, домашниот бивол, домашниот коњ и домашното магаре .*
- *Структура на стадо: утврдување на структурата на стадо каде со успех е реализирана активноста за утврдување на бројната состојба на домашната раса буша говеда, домашниот бивол, домашниот коњ и домашното магаре .*

3. Контрола и следење на состојбата на веќе инвентаризираните одгледувалишта и индивидуи:

   *-Мониторинг на системот за in-situ и ex-situ заштита на расите*

   *-Мониторинг на популацијата на говеда од расата буша, домашниот бивол, домашниот коњ и домашното магаре со опфат на претходно инвентаризирани стада на буша говеда, домашниот бивол, домашниот коњ*

*и домашното магаре и проценка на ризик и генетска варијабилност на популациите.*

4. Водење на регистар на расите и зоотехничка оцена

Формирање и одржување на база на податоци за заштитени раси:

- *Говедарство - креирање на база на податоци - регистер на автохтони раси и/или линии на домашни животни со пополнет евиденциски лист за зоотехничка оцена на буша и домашниот бивол.*
- *Коњарство - креирање на база на податоци - регистер на автохтони раси и/или линии на домашни животни со пополнет евиденциски лист за зоотехничка оцена на домашниот коњ и домашното магаре.*

*5.* Континуирано следење и надополнување на регистарот на автохтони раси и/или линии.

**П I.2 Извештај за состојбата на расата**

1. Изработка на стручни извештаи со анализа на состојбата и планирани мерки за зачувување на расата.

**П I.3. Стандарди на расата**

1. Планирање, извршување, анализа и интерпретација на зоотехничката карактеризација.
2. Мерење и опис на карактеристиките на расите (буша, домашен бивол, домашен коњ и домашно магаре).

**П I.5. Собирање на генетски материјал за генетска карактеризација**

1. Земање на мостри, биолошки материјал за генетска карактеризација од говедо буша од избрани донатори врз основа на различни критериуми (потекло, фенотип, приплод, генетски растојанија и др.)
2. Испитување на земените мостри и внесување на информации за животните (потекло на животното, надворешни карактеристики, начин на одгледување и генотип во базата на податоци).

**П I. 7. Дополнување на податоци за потеклото**

1. Генетска карактеризација на животните заради дополнување на потеклото кај говедото буша.
2. Анализа на совпаѓање на потеклото со потенцијални татковци од базата на податоци.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ПО II. Одржливо користење и развој на сточарските производни системи**

П II.2 Производи од автохтони раси

1. Истражување и промоција на производи од говедо буша и домашен бивол

**ПО III. Конзервација и одржување на генетските ресурси во сточарството**

**П III.1. Ген банка**

1. Воспоставување и одржување на ген-банки.
2. Обезбедување и зачувување на генетската разновидност на автохтоните раси.
3. Користење на генетскиот материјал за поддршка на одгледувачките програми на автохтоните раси.

**П III.2. – In situ – in vivo конзервација и одржување на генетските ресурси**

1.Зачувување на автохтоните раси, особено на расите/популациите кои се карактеризирани како: загрозени и критично загрозени.
2.Воспоставување и редовна ревизија на националните приоритети за *in situ* конзервација.
3.Поддршка за зачувување на популациите преку следење на спроведувањето на одгледувачките програми/програми за приплод и состојбата на популациите.

***П III.4. ex situ in vivo конзервација и одржување на генетските ресурси***

Едукација и советување од областа и поттикнување на други форми на *ex situ in vivo* зачувување.

***П III.5. ex situ – in vitro конзервација и одржување на биолошки материјал***


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

1. Проверка на потеклото на животните (говедо буша и домашен бивол) со цел да се обезбеди складирање на што е можно помалку примероци од животни кои се во сродство.
2. Верификација, дали генетиката и фенотипот на конзервираниот примерок соодејствува со генетиката и фенотипот на дадената популација.
3. Управување со база на податоци со информации за животните (потекло на животните, фенотипска карактеризација и опис, пракса на одгледување, генотип) и за примероците (вид на конзервиран биолошки материјал, количина, локација итн).

***П III.6. Одржување на генетски резерви***

1. Собирање приплоден и генетски материјал (семе, крв, ткиво, влакна и др. )
Буша:
Влакно: минимум од 50 грла
Крв/Ткиво: минимум од 30 грла
Биволи:
Влакно: минимум од 5 грла
Крв/Ткиво: минимум од 5 грла
2. Безбедно и високо квалитетно складирање на генетски материјал за потенцијална реконструкција на расата во иднина.
3. Одржување и тековно испитување на генетските резерви во облик на сперма, јајце клетки, ембриони, крв, ткива и влакна и зоотехничка проценка за нивниот обем за секоја раса.
4. Управување со колекција – посебно значајната колекција мора да биде заштитена од загуба со двојна локација.

**Б. Во делот на овчарство и козарство:**

**ПО I. Карактеризација, инвентаризација, следење на трендови, ризици и закани врз генетските ресурси кај домашните животни**

**П I. 1. Карактеризација, инвентаризација, следење на трендови, ризици и закани водење на регистер на раси за зоотехничка оцена**

1. Карактеризација на расите:

- *Овчарство – фенотипска карактеризација на сите приплодни грла (машки и женски возрасни грла на каракачанската, овчеполската и шарпланинската праменка) во избраните локации.*


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

- *Козарство - фенотипска карактеризација на сите приплодни грла (машки и женски возрасни грла од домашната балканска коза) во избраните локации.*

2. Инвентаризација на расите од интерес:

- *Овчарство: посета на најмалку 5 индикативни локации или ново пријавени одгледувалишта  кои одгледуваат овчеполска, шарпланинска или каракачанска овца.*
- *Козарство: посета на најмалку 5 индикативни локации или ново  пријавени одгледувалишта кои одгледуваат домашна балканска коза.*
- Бројна состојба:
  - *Овчарство – Идентификација и регистрација на новите грла од расата праменка каракачанска, шарпланинска и  овчеполска, согласно карактеризацијата,*
  - *Козарство – Идентификација и регистрација на новите грла од домашната балканска коза, согласно карактеризацијата.*
- Број и локација на фарми:
  - *Овчарство – Утврдување на вкупен број на фарми и локации каде е реализирана активност за утврдување на бројната состојба на каракачанска, шарпланинска и овчеполска праменка.*
  - *Козарство - Утврдување на вкупен број на фарми и локации каде е реализирана активност за утврдување на бројната  состојба на балканска коза.*
- Структура на стадо:
  - *Овчарство – Утврдување структура на стадо каде со успех е реализирана активноста за утврдување на бројната состојба на автохтоните популации овци.*
  - *Козарство - Утврдување структура на стадо каде со успех е реализирана активноста за утврдување на бројната состојба на автохтоните популации кози.*

3. Контрола и следење на состојбата на веќе инвентаризираните одгледувалишта и индивидуи.

- *Мониторинг на системот за in-situ и ex-situ заштита на расите.*
- *Мониторинг на популацијата на овци од расата овчеполска, шарпланинска и каракачанска и популацијата кози од балканската коза со опфат на претходно инвентаризирани стада од расите овчеполска, шарпланинска и каракачанска овца и балканска коза.*

*4.* Водење на регистар на расите и зоотехничка оцена

-Формирање и одржување на база на податоци за заштитени раси:

*- Овчарство - креирање на база на податоци - регистер на автохтони раси и/или линии на домашни животни со пополнет евиденциски лист за зоотехничка оцена на соевите од расата праменка.*

*- Козарство - креирање на база на податоци - регистер на автохтони раси и/или линии на домашни животни со пополнет евиденциски лист за зоотехничка оцена на домашната балканска коза.*

*5.* Континуирано следење и надополнување на регистерот на автохтони раси и/или линии на домашни животни со пополнет евиденциски лист за зоотехничка оцена на заштитените раси и соеви.

**П I.2 Извештај за состојбата на расите**

1. Изработка на стручни извештаи со анализа на состојбата и планирани мерки за зачувување на расите.

**П I.3. Стандарди на расата**

1. Планирање, извршување, анализа и интерпретација на зоотехничката карактеризација.
2. Мерење и опис на карактеристиките на расите (каракачанска, шарпланинска и овчеполска праменка и балканска коза).

**П I.5. Собирање на генетски материјал за генетска карактеризација**

1. Земање на мостри, биолошки материјал за генетска карактеризација од каракачанска, шарпланинска и овчеполска праменка и балканска коза од избрани донатори врз основа на различни критериуми (потекло, фенотип, приплод, генетски растојанија и др.)
2. Испитување на земените мостри и внесување на информации за животните (потекло на животното, надворешни карактеристики, начин на одгледување и генотип во базата на податоци).

**П I. 7. Дополнување на податоци за потеклото**

1. Генетска карактеризација на животните заради дополнување на потеклото кај каракачанска, шарпланинска и овчеполска праменка и балканска коза.
2. Анализа на совпаѓање на потеклото со потенцијални татковци од базата на податоци.

ПО II. Одржливо користење и развој на сточарските производни системи

П II.2 Производи од автохтони раси


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

1. Истражување и промоција на производи од овчеполска праменка и балканска коза.

**ПО III. Конзервација и одржување на генетските ресурси во сточарството**

**П III.1. Ген банка**

1. Воспоставување и одржување на ген-банки,
2. Обезбедување и зачувување на генетската разновидност на автохтоните раси.
3. Користење на генетскиот материјал за поддршка на одгледувачките програми на автохтоните раси.

**П III.2. – In situ – in vivo конзервација и одржување на генетските ресурси**

1.Зачувување на автохтоните раси, особено на расите/популациите кои се карактеризирани како: загрозени и критично загрозени.
2.Воспоставување и редовна ревизија на националните приоритети за in situ конзервација.
3.Поддршка за зачувување на популациите преку следење на спроведувањето на одгледувачките програми/програми за приплод и состојбата на популациите.

**П III.3. Конзервација на каракачанската и шарпланинската популација овци**

1. Идентификација на фарми каде се одгледуваат во чиста раса популации на каракачанската и шарпланинската овца.
2. Спроведување на соодветни зоотехнички мерки и активности во насока на карактеризација, мониторинг, инвентаризација и конзервација на каракачанската и шарпланинската овца.
3. Избор на грла за зачувување на биолошки материјал.

***П III.4. ex situ in vivo конзервација и одржување на генетските ресурси***

Едукација и советување од областа и поттикнување на други форми на *ex situ in vivo* зачувување.

### *П III.5. ex situ – in vitro конзервација и одржување на биолошки материјал*

1.Проверка на потеклото на животните (каракачанска, шарпланинска и овчеполска праменка и балканска коза) со цел да се обезбеди складирање на што е можно помалку примероци од животни кои се во сродство.
2. Верификација, дали генетиката и фенотипот на конзервираниот примерок соодејствува со генетиката и фенотипот на дадената популација.
3. Управување со база на податоци со информации за животните (потекло на животните, фенотипска карактеризација и опис, пракса на одгледување, генотип) и за примероците (вид на конзервиран биолошки материјал, количина, локација итн).

### *П III.6. Одржување на генетски резерви*

1. Собирање на приплоден и генетски материјал (семе, крв, ткиво и влакна)
***Овчеполска***
*Семе: 100 дози сперма*
*Влакно: од 100 грла*
*Крв/Ткиво: од 100 грла*
***Каракачанска***
*Семе: 25 дози сперма*
*Влакно: од 20 грла*
*Крв/Ткиво: од 20 грла*
***Шарпланинска***
*Семе: 25 дози сперма*
*Влакно: од 20 грла*
*Крв/Ткиво: од 20 грла*
***Балканска коза***
*Семе: 50 дози сперма*
*Влакно: од 50 грла*
*Крв:/Ткиво од 50 грла*

2. Безбедно и висококвалитетно складирање на генетски материјал за потенцијална реконструкција на расата во иднина.
3. Одржување и тековно испитување на генетските резерви во облик на сперма, јајце клетки, ембриони, крв, ткива и влакна и зоотехничка проценка за нивниот обем за секоја раса.
4. Управување со колекција – посебно значајната колекција мора да биде заштитена од загуба со двојна локација.

## В. Во делот на свињарство:

**ПО I. Карактеризација, инвентаризација, следење на трендови, ризици и закани врз генетските ресурси кај домашните животни**

**П I.1. Мониторинг и анализа Карактеризација, инвентаризација, следење на трендови, ризици и закани водење на регистер на раси за зоотехничка оцена**

1. Карактеризација на расите:
- *Свињарство – фенотипска карактеризација на сите приплодни грла (машки и женски возрасни грла од расата домашна локална примитивна свиња) во избраните локации.*
2. Инвентаризација на расите од интерес:
   - *Свињарство: посета на најмалку 5 индикативни локации или ново пријавени одгледувалишта од расата домашна локална примитивна свиња.*
   - *Бројна состојба: идентификација и регистрација на новите грла од расата домашна примитивна свиња согласно нивната фенотипска карактеризација.*
   - *Број и локации на фармите: утврдување на вкупен број фарми и локации каде е реализирана активноста за утврдување на бројната состојба на домашна локална примитивна свиња .*
   - *Структура на стадо: утврдување на структурата на стадо каде со успех е реализирана активноста за утврдување на бројната состојба на домашната локална примитивна свиња.*
3. Контрола и следење на состојбата на веќе инвентаризираните одгледувалишта и индивидуи:
   - Мониторинг на системот за in-situ и ex-situ заштита на расите
   - Мониторинг на популацијата на свињи од расата домашна локална примитивна свиња со опфат на претходно инвентаризирани стада
   4. Водење на регистар на расите и зоотехничка оцена
   - Формирање и одржување на база на податоци за заштитена раса- *домашна локална примитивна свиња* :
   - *креирање на база на податоци*
   - *регистер на автохтони раси и/или линии на домашни животни со пополнет евиденциски лист за зоотехничка оцена на домашна локална примитивна свиња.*

5. Континуирано следење и надополнување на регистарот на автохтони раси и/или линии.

**П I.2 Извештај за состојбата на расата**

1. Изработка на стручни извештаи со анализа на состојбата и планирани мерки за зачувување на расата.

**ПО III. Конзервација и одржување на генетските ресурси во сточарството**

**П III.1. Ген банка**

1. Воспоставување и одржување на ген-банки,

.

**Г. Во делот на пчеларство:**

**ПО I. Карактеризација, инвентаризација, следење на трендови, ризици и закани врз генетските ресурси кај домашните животни**

**П I.1. Карактеризација, инвентаризација, следење на трендови, ризици и закани водење на регистер на раси за зоотехничка оцена**

1.Карактеризација на расите (подвидовите)

- *Карактеризација на пчели работнички (според крилна нерватура) од најмалку 30 пчелни семејства.*

2. Мониторинг во областа на зачувувањето на биолошката разновидност во пчеларството.

- *Контрола и следење на состојбата на веќе инвентаризираните одгледувалишта/пчеларски фарми и пчелни семејства (според образец за скрининг).*

- *Континуирано следење и надополнување на базата за заштитени раси.*

**3. Водење на регистар на расите и зоотехничка оцена**

- Формирање и одржување на база на податоци за пчелните семејства од Apis mellifera Macedonica.

- *Креирање на база на податоци*


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

*- Регистер на пчелни семејства со пропратни информации за локацијата, структурата на популации и информации за одредени морфолошки и фенотипски особини на пчелните семејства од A. m. macedonica.*

***П I.2 Извештај за состојбата на расата***

1. Изработка на стручни извештаи со анализа на состојбата и планирани мерки за зачувување на A. m. macedonica.
2. Подготовка на извештај којшто особено се однесува на резервите, просторната дистрибуција, системите на производство, традиционални земјоделски техники, можности за производство и проценката на екосистемите.

**ПО III. Конзервација и одржување на генетските ресурси во сточарството**

**П III.1. Ген банка**

1. Воспоставување и одржување на ген-банки,
2. Обезбедување и зачувување на генетската разновидност на автохтоните видови/подвидови раси.
3. Користење на генетскиот материјал за поддршка на одгледувачките програми на автохтоните раси.

**П III.5. ex situ – in vitro конзервација и одржување на биолошки материјал**

1. Безбедно и висококвалитетно складирање на биолошкиот материјал.
2.Безбедно складирање на податоците на складираниот генетски материјал.
3. Употреба на биолошки материјал во понатамошни истражувања.

**П III.6. Одржување на генетски резерви**

1. Земање примероци од видови, подвидови и раси за да се зачува генетската разновидност
2. Управување со колекција – посебно значајната колекција мора да биде заштитена од загуба со двојна локација.

**<u>Д. Во делот на живинарство:</u>**

**ПО I. Карактеризација, инвентаризација, следење на трендови, ризици и закани врз генетските ресурси кај домашните животни**

**П I.1. Карактеризација, инвентаризација, следење на трендови, ризици и закани водење на регистер на раси за зоотехничка оцена**

1. Карактеризација на расите:
*Карактеризација на сите грла (кокошки и петли) во избраните локации според упатство за детерминирање на фенотипските и екстериерни одлики согласно фенотипските типови кои ќе се утврдат во целниот генотип - посета на најмалку 5 индикативни локации со опфат утврден по локација.*

*2.* **Водење на регистар на расите и зоотехничка оцена**

- Формирање и одржување на база на податоци за заштитени раси:
- *Креирање на база на податоци – регистер на автохтони раси и/или линии на домашни животни со пополнет евиденциски лист за зоотехничка оценка на соевите од расата домашна кокошка.*

3.. Континуирано следење и надополнување на регистарот на автохтони раси и/или линии.

**П I.2 Извештај за состојбата на расата**

Изработка на стручни извештаи со анализа на состојбата и планирани мерки за зачувување на расата.

**ПО III. Конзервација и одржување на генетските ресурси во сточарството**

**П III.1. Ген банка**

1. Воспоставување и одржување на ген-банки,
2. Обезбедување и зачувување на генетската разновидност на автохтоните раси.

**П III.2. – In situ – in vivo конзервација и одржување на генетските ресурси**

1. Зачувување на животинските генетски ресури и управување со автохтоните раси преку подготвка и спроведување на програми за одгледување/програми за приплод.

2. Зачувување на автохтоните раси, особено на расите/популациите кои се карактеризирани како: загрозени и критично загрозени.

**П III.4. ex situ in vivo конзервација и одржување на генетските ресурси**

Едукација и советување од областа и поттикнување на други форми на ex situ in vivo зачувување.

**П III.5. ex situ – in vitro конзервација и одржување на биолошки материјал**

1.Безбедно и висококвалитетно складирање на биолошкиот материјал.
2. Безбедно складирање на податоците на складираниот генетски материјал.
3. Употреба на биолошки материјал во понатамошни истражувања.

П III.6. **Одржување на генетски резерви**

1. Собирање на приплоден и генетски материјал (семе, крв и ембриони) Ембриони: 10
2. Безбедно и висококвалитетно складирање на генетски материјал за потенцијална реконструкција на расата во иднина.
3. Управување со колекција – посебно значајната колекција мора да биде заштитена од загуба со двојна локација.

<u>Ѓ. Во делот на заштита на Овчарско куче шарпланинец:</u>

**ПО I. Карактеризација, инвентаризација, следење на трендови, ризици и закани врз генетските ресурси кај домашните животни**

1.Карактеризација на расите (подвидовите)
-. *Овчарско куче шарпланинец - карактеризација на приплодни грла (машки и женски возрасни грла), со опфат од најмалку 5 индикативни локации.*
2. Мониторинг во областа на зачувувањето на биолошката разновидност.
- *Контрола и следење на состојбата на веќе инвентаризираните одгледувалишта.*
- *Континуирано следење и надополнување на базата за заштитени раси.*
**3. Водење на регистар на расите и зоотехничка оцена**

-- *Овчарско куче шарпланинец - креирање на база на податоци - регистер на автохтони раси и/или линии на домашни животни со пополнет евиденциски лист.*

**П I.2 Извештај за состојбата на расата**

Изработка на стручни извештаи со анализа на состојбата и планирани мерки за зачувување на расата.

**ПО III. Конзервација и одржување на генетските ресурси во сточарството**

**П III.5. ex situ – in vitro конзервација и одржување на биолошки материјал**

1.Безбедно и висококвалитетно складирање на биолошкиот материјал.
2. Безбедно складирање на податоците на складираниот генетски материјал.
3. Употреба на биолошки материјал во понатамошни истражувања.

**П III.6. Одржување на генетски резерви**

1. Собирање на приплоден и генетски материјал (крв и влакна)

Крв и влакна: од 10 кучиња

2. Безбедно и висококвалитетно складирање на генетски материјал за потенцијална реконструкција на расата во иднина.
3. Управување со колекција – посебно значајната колекција мора да биде заштитена од загуба со двојна локација.

**ПО IV. Зајакнување на политиките, институциите и хуманите ресурси**

**П IV. 2. Јакнење на јавната свест за важноста и статусот на конзервација и промоција на автохтоните раси**

Подигнување на свеста на засегнатите страни во областа на: заштитата на животната средина, управувањето со природните и пејзажните паркови, земјоделството и останати институции за значајната улога и вредноста на генетските ресурси на автохтоните раси, нивните специфичности, својства и следствено на потребата за одржливо користење, развој и нивно зачувување.

**П IV 4. одржување на интернет/Web страна**

Одржување и развој на веб страницата.

**П IV.5. Меѓународна соработка**

1. Зајакнување на соработката со меѓународните организации во областа на карактеризација, употреба, развој и зачувување на автохтоните раси.
2. Зајакнување на техничката соработка и размена на искуства, обука и знаења.

**П IV.6 Едукација и образование во областа на заштитата на животинските генетски ресурси**

1. Спроведување обуки за различни чинители и инволвирани страни во заштита на автохтоните раси.
2. Трансфер на знаење и искуство стекнато на национално и меѓународно ниво во областа на одржливо користење и зачувување на автохтони раси до одгледувачи.

## IV. ПОЧЕТОК И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ

Извршувањето на јавната услуга спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2025 до 2031 година е за 2026 година со доставување на извештај за спроведени активности заклучно до 15.12.2026 година.

## V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Критериум за избор на овластениот субјект за вршење на јавна услуга е исполнување на условите утврдени во Законот за зоотехника и Правилникот за поблиските услови за вршење на одделна јавна услуга заштита на биолошката разновидност во сточарството, начинот на изведувањето и мониторингот на биолошката разновидност во сточарството и зачувувањето на генетската варијабилност и генетските резерви на добитокот и тоа:

1. Соодветна техничка опременост
2. Соодветна кадровска опременост


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

3. Висина на понудена цена за вршење на услугите кои се предмет на јавниот конкурс

За условот висина на понудена цена се утврдени вкупно 100 бодови.

Заради евалуација цената на понудата ќе се пресметува како вкупна цена без данок на додадена вредност, при што најмногу бодови ќе добие понудата која има најниска понудена цена. Бодовите за елементот цена кај другите понуди ќе се доделат според следнава формула:

$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Најниска цена (без ДДВ)} \;.\; \text{Максимален број бодови}}{\text{Цена (без ДДВ)}}$$

## VI. МАКСИМАЛНА ЦЕНА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНАТА УСЛУГА

Максимална цена за извршување на јавната услуга е 6.000.000,00 денари, согласно мерка 214, дел XI став (1) алинеа 2 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 30 и бр.64/26 )

## VII. ВРЕМЕНСКИ РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНАТА УСЛУГА

Рокот за извршување на јавната услуга е до 15.12.2025 година.
Со завршување на јавната услуга-спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2025 до 2031 година за 2026 година се поднесува извештај за извршените активности, финансиски извештај кој треба да вклучува број на посети и трошоци за секоја од посетите, број на спроведени анализи, број на водења на евиденција, број на работни часови и фактура за извршени услуги.

## VIII. КОНТАКТ ЛИЦЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО СОДРЖИНАТА НА ЈАВНИОТ КОНКУРС

Контакт лице за дополнителни податоци и информации во врска со постапката за јавен конкурс:

Билјана Цибрева Трајкоска на е – маил адреса
biljana.cibreva@mzsv.gov.mk

## IX . НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Пријавите се доставуваат до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса на улица „Ленинова" број 2.

Краен рок за поднесување на понудите е 10 (десет) дена од денот на објавување на јавниот конкурс на веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## X. ДАТА, МЕСТО И ВРЕМЕ НА ОТВАРАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Пријавите ќе бидат отворени во 10 часот, третиот работен ден по завршувањето на огласот во просториите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на улица „Ленинова" број 2.

## XI. НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ИЗВРШЕНИОТ ИЗБОР

Информирањето на кандидатите за извршениот избор е со писмено известување.

## XII. СОДРЖИНА НА ПОНУДА

Понудата се состои од следниве документи:

1. Пополнет образец на понуда
2. Тековна состојба од Централниот регистер на Република Северна Македонија.
3. Биланс на состојба и биланс на успех од Централниот регистер на Република Северна Македонија.
4. Решение за овластување.
5. М1/М2 образци.
6. Изјава за исполнување на поблиските услови предвидени во Правилникот за поблиските услови за вршење на одделна јавна услуга заштита на

биолошката разновидност во сточарството, начинот на изведувањето и мониторингот на биолошката разновидност во сточарството и зачувувањето на генетската варијабилност и генетските резерви на добитокот („Службен весник на РМ“ бр.151/10).

7. Ценовник по кои давателот на услугите би ја извршувал јавната услуга за кој ја поднесува понудата.
8. Документите кои се доставуваат потребно е да бидат во оригинал или копии заверени на нотар.

## XIII. ПОСТАПКА

Постапката на отворање и оценување на понудите ја врши комисија назначена од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Отварањето, разгледувањето и оценувањето на пријавите е јавно.

Овластени претставници на субјектите може да бидат присутни на отворањето на пријавите.

Решението за избор на овластен субјект за вршење на одделна јавна услуга се издава во рок од 30 дена од денот на завршувањето на јавниот конкурс.

Право на учество на овој конкурс има овластената институција од областа на сточарството која добила решение за избор на овластен субјект за вршење на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството.

МИНИСТЕР

Цветан Трипуновски

Изработил:
Билјана Цибрева Трајкоска
Контролирал/Согласен:
Игор Трошански